## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
## НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
бр. 1404-54/2
08-03-2018 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Меѓународен Универзитет ВИЗИОН
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararasi VIZYON Üniversitesi
International VISION University
Гостивар - Gostivar
Примено: 09.03.2018
03 | 29/02


Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5 седница одржана на 01.03.2018 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студискита програма Психологија прв циклус студии на Факултет за општествени науки при Универзитет ВИЗИОН во Гостивар**

1. Се акредитира студиската програма **Психологија прв циклус студии на Факултет за општествени науки при Универзитет ВИЗИОН во Гостивар** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од **4 години** (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
**- Дипломиран психолог**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Психологија
Научно – истражувачко област: Области од наведеното поле.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е **за период** од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за општествени науки, прв циклус студиските програми „Психологија", на 31.01.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 4 седница, одржана на 15.02.2018 година формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 5 седница одржана на 01.03.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски